**20150822736**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 56 став (3) точка а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013 и 44/2014) и член 7 став (1) точка ѓ) од Статутот на Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-385/3 од 18.3.2013 година, бр. 02-13/5 од 22.1.2014 година и 02-1316/4 од 11.11.2014 година) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата на 4.12.2014 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ШТО ГО НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА ЗА 2015 ГОДИНА

Член 1

Висината на месечниот надомест, што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од секое пензиско друштво, за 2015 година изнесува 0,8% од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивањето согласност од Собранието на Република Македонија.

Бр.02-1406/4
10 декември 2014 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.